# ЗА АВГУСТОВИОТ ПРИНЦИПАТ И НЕГОВАТА ИДЕЈНА ПОДЛОГА

Епохата на Августовото владеење, времето на Вергилиј и Хоратиј, Тибул и Пропертиј, Ливиј и Овидиј, времето на Меценат, на првокласни уметнички споменици од секаков вид, златниот век на римската поезија и по две илјади години го сочувала ореолот на непоматена слава.

Тоа е периодот на Августовиот принципат, кога остриeто на римското оружје и римскиот гениј („Arma virumque cano. . ." вели Вергилиј во *Aen.* I, 1.), наоѓајќи се на зенитот на својата моќ и одбегнувајќи ги крајните жестокости (како на пр. оние кои порано биле пројавени при заземањето на Картагина, Коринт или Нумантија)[1], го зацврстиле величието на римската држава и го прокрчиле патот кон нејзиното претворање во светска империја.

Принципатот, како своевидна форма на државно уредување, претставувал интересна тема за научноистражувачки потфати. Многу научници се обидувале да проникнат во неговата содржина, да ги уочат неговите карактеристики и да дадат соодветни оценки за него. Така, во 19 в., Момзен го претставувал принципатот како преобразување на републиката во диархија, при која врховната власт била поделена меѓу princeps-от и сенатот на чело со конзулите, како највиши републички органи на власта. Ед. Мајер и О. Т. Шулц внеле разновидност во горното сфаќање, истакнувајќи ја улогата на сенатот и републиката. Гелцер гледал во принципатот зародиш на монархијата, а Десау го карактеризирал како апсолутна монархија. Шенбауер сметал дека принципатот не може да биде анализиран од државно-правен аспект, бидејќи не е временски строго фиксирана и завршена државна форма, туку е постепено преобразување на дотогашната држава врз база на обичајното право (mos s. mores maiorum)[2]

---

[1] Од 1 в. пр. н. е. се забележувала извесна хуманизација (clementia) во односот со покорените држави и народи. Во биографијата на Августовиот учител и пријател Ареј Дидим стои дека од обѕири кон него Август го поштедил од разурнување неговиот роден град Александрија (Cf. Areios Didymos во: Der kleine Pauly I, Stuttgart 1964, Sp. 523). Може да се прифати и поверојатна причина, поради која Александрија ја избегнала страшната судбина на погоре спомнатите градови, а имено дека во тоа време таа веќе не претставувала потенцијална опасност за Рим.

[2] За изнесените тези cf. Hans Volkmann: *Mos maiorum als Grundzug des augusteischen Prinzipats*, Das neue Bild der Antike, II Bd. Rom, Leipzig 1942 S. 249—250,

Рихард Хајнце[3], кој е склон да ја потенцира улогата на личноста во развитокот на античкото општество, го гледа во личноста на Август двигателот на епохата. Тој му припишува на Август скоро натчовечка предвидливост и способност да ја насети историската мисија на Рим и римскиот народ и да најде сопствен пат кон нејзиното остварување. Поради тоа диктаторот Август, во својство на мисионер, го прифатил принципатот како историска нужност, ја задржал старата републиканска форма на власт, го примил звањето „прв граѓанин“ (princeps) и сепак бил единствениот владател, бидејќи ја имал целата војска во свои раце.

И. М. Тронски[4] и К. П. Полонскаја[5] го сфаќаат принципатот како едноставно продолжение на Августовата воjничка диктатура, а врската меѓу princeps-от и res publica restituta како формална и надворешна.

Ернст Хол[6] во својата куса, но содржајна биографија на Август, се занимава исто така со проблемот на принципатот. Тој го застапува главно гледиштето на Шенбауер за постепеното продирање на монархијата врз база на обичајното право (mos s. mores maiorum), кое во студијата на Фолкман *Mos maiorum als Grundzug des augusteischen Prinzipats* го претставува фокусот околу кој се одвивала Августовата политика.

Еден скапоцен документ, еден вид клуч за Августовиот принципат, се смета т. нар. *Monumentum Ancyranum*[7], оригинален, во камен врежан „извештај“ — Index rerum gestarum — за делата и успесите на Август во неговата внатрешна и надворешна политика. Овој споменик, наречен од Момзен „кралица на натписите“, познат уште и како *Res gestae divi Augusti*, полезен е за секој иследувач на оваа интересна епоха. Август лично работел на реализацијата на овој извештај и тоа во последните години на своето владеење, кога веќе длабоко загазил во водите на автократизмот. Заради тоа е неопходна извесна резервираност.

При анализата на овој документ паѓа в очи дека по злокобните мартовски иди во 44 г. пр. н. е. и по објавувањето на Кајсаровиот тестамент со кој е одреден за единствен наследник на великиот диктатор, 18—19 годишниот Август го привлекол вниманието на сенатот со својата енергичност и самоиницијативност. Тој со

[3] Richard Heinze: *Die augusteische Kultur*, Berlin-Leipzig 1939, S. 8—13 18—19, 23—24.

[4] В. М. Тронский: *История античной литературы*, Ленинград 1946, во хрв. превод, Загреб 1951, стр. 427—28.

[5] К. П. Полонская: *Римские поэты эпохи принципата Августа*, Москва 1963, стр. 9.

[6] Ernst Hohl: *Augustus*, Das Altertum, Bd. 2, Hf. 4, Berlin 1956, S. 236.

[7] Најден во Мала Азија, во Анкара, од каде што го носи името, овој споменик всушност е грчки препис од оригиналот, кој што бил поставен на два бронзани столба пред вратата на Августовиот мавзолеј. Последниот бил подигнат за Август и неговата фамилија уште во 28 г. пр. н. е. на брегот на Тибар, северно од Марсово поле. Од оригиналот се пронајдени доста преписи, од кои анкарскиот е најдобро сочуван. Ние го ползувавме преводот кај Kurt Pfister: *Der Untergang der antiken Welt*, Leipzig 1941, S. 22—39.

сопствени средства собрал војска од редовите на Кајсаровите ветерани и решително се пресметал со своите противници од крилото на Антониј, кои подготвувале заговор против него. Следната, 43 год., „по предлог на Кикерон и на други",[8] Август бил почестен со сенаторско звање, примен во патрицијатот и званично прогласен за водач на својата војска. Непосредно потоа следувал неговиот избор за претор, а потоа и за консул.[9]

Секавичното продирање на Август во сенатот може да се објасни како со личните заложби кај младичот, така и со наследеното од Кајсар право на званичен продолжител на традицијата на Јулиевскиот род. Во позадината на овој акт секако треба да се naѕираат и далекусежните планови на Кикерон и неговите истомисленици во врска со Августовата личност. Познат факт од антиката била живата кореспонденција на „последниот еминентен идеолог на сенатската партија"[10] со големите државници Помпеј и Кајсар, а исто така и со младиот Август.[11] Слична преписка своевремено беше водел „идеологот" на македонската монархија Исократ со некои грчки монарси и, на крајот, со Филип II Македонски, нудејќи му да го преземе водството и обединувањето на Грците во нивната експанзија на Исток против Персијанците, односно да стане спроводник на грчката панхеленска идеја.[12] Не е исклучено Кикерон, преку оваа преписка, да го запознал уште тогаш Август со својата идеја за идеалната државна форма олицетворена во неговата *Res publica* како и со поимот за идеалниот владетел т. нар. princeps civitatis, образложен во 5 и 6 кн. од истото дело. „Неколку години Кикерон сметал дека Помпеј[13] би можел да стане princeps кој би ја водел државата во сојуз со сенатот".[14] Сè до 45 год. пр. н. е. и Кајсаровата диктатура не му изгледала на Кикерон толку непомирливо насочена против интересите на res publica-та.[15] По неуспешната соработка на тоа поле со двата спомнати државници, сосема природно е да се претпо-

[8] Cf. *Augustus* in: Der kleune Pauly I, Stuttgart 1964, Sp. 745.

[9] Се смета дека консулството било изнудено од самиот Август, бидејќи таа година тој веќе го држел во свои раце јадрото на сенатската војска. Der kl. Pauly, ibidem.

[10] И. М. Тронский. op. cit. стр. 374.

[11] Cf. Alfred Klotz: *Geschichte der römischen Literatur*, Leipzig 1930, S. 116.

[12] Овој проблем е разработен опширно од Josef Kessler во *Isokrates und die panhellenische Idee*, Studien zur Geschichte und Kultur des Altertums, Bd. 4, Hf. 3, Paderborn-Schoningh 1911.

[13] И покрај тоа што сенатот му одредил власт без временско ограничување (imperium extra ordinem), и покрај своите воjнички успеси и државнички заслуги во уредувањето на освоените земји, Помпеј мудро ги одбегнувал честите искушенија да злоупотреби со укажаната доверба и да се прогласи за диктатор. Поради тоа тој уживал поддршка кај голем број магистрати меѓу нив и кај Кикерон.

[14] Cf. Luigi Pareti, Paolo Brezzi, Luciano Petech; *Historija čovječanstva*, Kulturni i naučni razvoj, Stari svijet II (*History of Mankind*, Cultural and Scientific Development, The Ancient World II, London 1965), Zagreb 1967, стр. 230.

[15] Cf. Matthias Gelzer: *Caesar*, in: Das neue Bild der Antike, Leipzig 1942, S. 189.

стави дека сенатот ќе го насочи своето внимание на Август, кој уште на почетокот на својата политичка активност изгледал најпогодно лице за иден princeps, т.е. за водач на итало-римската елита.

Настаната како резултат на еден долготраен процес на културно и политичко обединување, кој се изразувал низ романизирањето на Италија и низ итализирањето на Рим, оваа елита, иако етнички разнородна, претставувала прилично хомогена група во водењето на римската експанзионистичка политика. Таа вешто ги насочувала, најчесто во своја полза, победите на едно или друго крило од сенатската олигархија и ја пројавувала својата моќ над сите сталежи од римското општество главно преку сенатот.

Како институција која се темелела на римското обичајно право (mos maiorum) сенатот уживал општествен углед, (auctoritas) благодарејќи на кој неговата одлука (senatus consultum ultimum) била адекватна на закон. Тоа особено се чувствувало во критични за државата моменти. Држејќи се грчевито за тоа свое неписано и неприкосновено право, сенатот постепено се „претворал во движечка сила на државата".[16] На неговата auctoritas Кикерон страсно апелира во својот прв говор против Катилина (Orat. in Catil. I. 1, 2). Свесен за таа своја моќ сенатот не останувал имун на многу крутости и жестокости во својата внатрешна и надворешна политика, како и на многу перфидности во својата дипломатија. Најголемите суровости на сенатската завојувачка политика дошле до израз во периодот на постариот Катон (Cato Maior), поглаварот на конзервативците, за време на аристократските заповедништва на Лукиј Ајмилиј Паул (Macedonicus) и на Скипион Ајмилијан (Scipio Minor), како и за време на аристократската диктатура на Сула. Со право Рихард Хајнце забележува дека во републиканскиот период „сенатот фактички управувал скоро неограничено долги години наред и римската држава не можела да се пожали на неуспех".[17] Според Луиѓи Парети „сенатот бил единственото тело кое можело да спроведува некаков континуитет во политиката и да ги совладува последиците од годишното сменување на конзулите и преторите. Тој бил голем резервоар на стручно искуство во низа сектори, во кои неговите членови вршеле заповеднички должности или биле активни на друг начин."[18] Со еден збор, сенатот бил култиватор и чувар на римската политичка и етичка традиција која го проникнувала целиот римски општествен организам заснован на т. нар. клиентелен (вазален) систем т.е. на сложени, често со заклетва зацврстувани односи на меѓусебно обврзување.

Традицијата негувана од сенатот го условувала римското внатрешно единство, кохезијата меѓу државата, родот, фамили-

---

[16] Luigi Pareti. . . . op. cit. стр. 204.
[17] Richard Heinze, op. cit. S. 21.
[18] Luigi Pareti. . . . ibidem.

јата и поединците; култот, обичајното право и цивилното право ја формирале римската свест, римскиот менталитет, римскиот бит.

Уште Полибиј го беше истакнал тоа внатрешно единство во римското општество, сметајки го како решавачки фактор за постанокот на римската светска држава. Космополитски расположен, овој грчки историчар го објаснувал тоа со совршенството на римското државно устројство, во кое од најстаро време, на правилен начин, биле измешани монархиски, аристократски и демократски елементи така, како што ги утврдувала државната теорија на Грците.[20]

На традицијата и на несмалените апетити на римските врвови, односно на сенатот, се должи ретроградното влијание на републиканскиот дух и републиканските институции врз римското општество од времето на принципатот. Затоа „покрај моќта на princeps-от постоела и моќта на сенатот, барем во вид на трибуна на јавното мислење",[21] а таа положба продолжувала два и пол века по смртта на Август.

Познатиот грчки историчар од подоцнежната епоха на римскиот цезаризам и самиот припадник на сенаторскиот сталеж, Касиј Дион, го претставил дури и Меценат[22] како резонер на традиционалната сенатска политика чии религиозно реставраторски тенденции дошле до израз во т. нар. „Августов програм за обнова". Според овој историчар, Меценат, покровителот на литерарните таленти од времето на Августовиот принципат, изгледал званично заслужен покрај другото и за тоа, што токму во областа на религијата и на етиката (mos maiorum) го фиксирал главниот столб на идната Августова идејно политичка програма. Според Касиј Дион (LIII, 36), тој му го дал на младиот Август следниот совет: „Почитувај ја самиот, насекаде и со сите средства божествената моќ согласно традицијата на нашите претци и натерај ги и останатите да ѝ укажуваат почит. Мрази ги и казнувај ги сите кои ќе се обидат да воведат новости тука не само заради боговите... туку и затоа, што тие кои воведуваат нови божества ги тераат многумина да ги менуваат своите мисли и постапки; а тука е коренот на заверите, бунтовите и застранувањата... Не биди толерантен кон безбожниците и врачевите... а имај ги и философите на око".[23] Овде Касиј Дион како да зборува со јазикот на блиску

---

[19] Фолкман смета дека Август пристапил кон државноправното обособување на принципатот дури по победата над Антониј, бидејки тогаш тој можел да располага со голема своја лична клиентела, која ја зголемила многу неговата моќ. Hans Volkmann, op. cit. S. 253—254.

[20] За ова подробно види Ulrich Knoche, *Die geistige Vorbereitung der augusteischen Epoche durch Cicero*, in: Das neue Bild d. Antike II Bd. Leipzig 1942, S. 205—207; исто и М. Будимир, М. Флашар: *Преглед римске књижевности*, Београд 1963, стр. 256.

[21] Kurt Pfister, op. cit. S. 21.

[22] Јозеф Еберле тврди дека Меценат воопшто немал сенаторско звање. Cf. Josef Eberle: *Maecenas der Etrusker*, Das Altertum, Bd 4, Hf.1, Berlin 1958. S. 56.

[23] Luigi Pareti.... op. cit. стр. 291.

4 века постариот Катон (Cato Maior). Во неговите мисли не се назира ни трага од онаа духовна пресвртница означена со поимот „humanitas“[24] која, како резултат од влијанието на хеленизмот, требало да се чувствува во духот и етиката на Римјаните од I век пред н.е. Конзервативност, отпор кон сите нови идеи, полуимпровизаторство, тоа се карактеристиките на крутата сенатска политика во периодот на распаѓањето на републиката.

И покрај тоа, Кикерон, кој важи кај Римјаните за идеен подготвувач на епохата на принципатот, а кого погоре го нарековме „последен еминентен идеолог на сенатската партија“, успеал да внесе свежа струја во идеологијата на тој сталеж. Истакнувајќи ја неговата заслуга како теоретичар на итало-римската концепција за државно устројство и како творец на духовната традиција во Рим, Улрих Кнохе многу точно го погодил непресушниот извор — хеленистичката и римската традицја — од каде што Кикерон ги црпел ресурсите за својата многустрана општествена дејност. Движејќи се суверено по тие две изгазени патеки, Кикерон успеал да изгради повисока свест за духовен живот кај водечките кругови во Рим и да ја разбуди и зацврсти верата во одредената од судбата мисионерска улога на римскиот народ како продолжувач на хеленистичката култура и обединител на народите во светот. Оваа задача, според Кикерон, можеле да ја извршат т. нар. principes civitatis преку оживување на римската политичка и етичка традиција (mos maiorum) сообразно со духот на времето. Кикерон бил убеден дека новиот дух на времето натопено од брановите на хеленистичкиот хуманизам бара преоценка на mos maiorum и неговото збогатување со нови духовни и морални вредности. Почетокот на овие нови сфаќања започнал во средината на II век пр. н. е. во кругот на помладиот Скипион.[25] Поради тоа Кикерон го избрал Скипион Ајмилијан, последниот princeps од срекното време на републиката, за централна фигура на својата *Држава* Цицерон го сметал помладиот Скипион за најверзиран[26] по прашањето за државното устројство, бидејќи долго време се движел

[24] Според Фалкентал идејата за човечност (humanitas), која содржи во себе повеќе морални компоненти, не можела целосно да се оствари во антиката, бидејќи не ги опфаќала сите општествени слоеви, заклучно робовите и „варварите“. Во тој случај таа се претворала во идеал, или во протест против постојните животни прилики. Heinz Schulz Falkenthal: *Was ist Humanismus*, Das Altertum, Bd. 15, Hf. 4, Berlin 1969, S. 243.

[25] Изгледа дека Цицерон бил запознаен со идејните погледи на Скипионовиот кружок уште во својата рана младост, и тоа преку својот ментор, прочуениот аугур и конзервативец Кв. М. Скајвола, директен припадник на овој кружок.

[26] Своевремено римската елита на чело со Скипион Ајмилијан се среќавала во Рим со претставниците на грчките филозофски школи, меѓу нив со Панајтиј и Полибиј, блиски пријатели на Скипион. Како универзален историчар Полибиј, кој во она време бил окупиран со големиот проблем на римскиот империјализам и имал можност да ја споредува сличноста меѓу Грците и Римјаните (F. W. Walbank: *Polybios and Rom's Eastern Policy*, The Journal of Roman Studies, vol. LIII, Parts I—II, London 1963, p. 5), станал прв теоретичар на панроманизмот, односно на идејата за римското светско господство.

во друштвото на Панајтиј и Полибиј и имал можност во дискусија со нив да докаже дека државната форма наследена од прадедовците била најдобра од сите.[27] Бидејќи приврзаник на еклектицизмот својствен на хеленизмот, Кикерон го прифатил од грчката философска мисла она, што Панајтиј и Полибиј сметале дека најповеќе одговара на интересите на римската робовладетелска класа. Не била изоставена и панхеленистичката идеја, пресвлечена во облеката на панроманизмот. На тој план Кикероновата државно теоретска мисла вткаена во неговите дела *De republica*, *De legibus*, *De officiis* и др. влијаела на идеологијата на принципатот, а преку неа и на идеологијата на доминатот.

Во најкритичното време за републиката Кикерон будно следел во какви раце може да попадне кормилото на државата. На неговото влијание во сенатот се должат навремените реакции од страна на конзервативците насочени против смелите политички потези на такви контрасно изразени индивидуалитети како Катилина, Помпеј, Кајсар и Антониј. Меѓу нив, последните двајца самоиницијативни државници претставувале за сенатот нагледен пример како може да се „злоупотреби“ власта дадена за извршување на важни задачи во вонредни прилики за државата (imperium extra ordinem). Сенатот се плашел од Кајсаровата диктатура, од Антониевиот хеленистичко-источнички тип на монархизам, од скршнување кон демократија. Тој не ги одбирал средствата, за да застане на пат на секакви нови идеи и форми на државно устројство кои се коселе со застарениот веќе систем на аристократска република.

Од друга страна непрекидните завојувачки походи надвор и граѓанските војни внатре во Италија, настабилноста и несреденоста во провинциите кои претендирале на политичка рамноправност, прашањето на многубројниот пролетаријат, робовските востанија и др. одамна веќе ја навестувале потребата од квалитативна промена во римското државно устројство.

Деталните проучувања на историските настани од она време сè говеќе го наметнуваат оправданиот заклучок дека имено Кајсаревата концепција за државно уредување го покажувала најадекватниот пат за успешно решавање на овие задачи. Кајсаровиот програм[28] предвидувал еднаков политички статус за сите делови на Царството и бил свртен и кон сегашноста и кон иднината. Неговата идеја за културно-религиозен латинско-грчки синкретизам со соодветните два јазика задолжителни за робовладетелите била продолжение на Александровиот панхеленизам. Таа идеја, поради нејзините космополитски аспекти ќе послужи во христијанското средновековие за темел на христијанската култура. Гелцер вели дека „најдоброто што би можеле да прават подоцнеж-

[27] Cf. F. W. Walbank: *Political Morality and the Friends of Scipio*, The Journal of Rom. Studies, vol. LV, Parts I—II, London 1965, p. 1.

[28] Cf. Luigi Pareti. . . . . op. cit. том II, стр. 234—235 и том III, стр. 24—27.

ните монарси било да се обидуваат да работат и понатаму по интенциите на великиот мајстор.[29]

Трагедијата со Кајсар јасно покажала дека неговите монархистички стремежи биле неприфатливи за сенатот. Источничките застранувања во Антониевиот систем довеле до негова брза ликвидација. За Август не останувал друг излез, освен да создаде свој сопствен систем по пат на коегзистенција со сенатот. Не одејки подалеку од традицијата, Август се надоврзал на неограничената диктатура на Сула, која претставувала оживување на старата римска институција на изборни кралеви. Сула, спротивно на Кајсар, тежнел кон зацврснување на републиката и сенаторскиот сталеж и тој го докажал тоа со своето навремено повлекување од власта, имитирајќи го на тој начин стариот крал Сервиј Тулиј. Одовде потекнуваат видливите никулци на Августовата монархија, која што Август мислел да ја спроведе под формата на „републикански драпираниот принципат".[30]

Генијалноста на Август се состои имено во тоа што тој, како единствен и самовластен триумвир, на врвот на својата моќ, во 27 год. пр. н. е. место радикална промена, избрал пат кој му овозможил да го слее старото со новото. Тој ја обновил републиканската власт (res publica restituta), а го обособил принципатот, наоѓајќи го на тој начин компромисното решение кое му овозможувало побезбедно функционирање на неговиот систем. Тој ја презел на себе улогата на идеализираниот од Кикерон princeps, т. е. првенец, водач на итало-римската елита, која, за разлика од Кајсар, Август не ја потценил, туку застанал на нејзино чело и главно ја спроведувал нејзината традиционална политика. Август сфатил дека таа елита, составена од аристократско-плутократските елементи на сите етнички групи од полуостровот не ја доиграла докрај својата улога на политичката бина на римската држава. Формирајќи се со векови околу едно претежно римски расположено јадро, раководејќи се од исти економско-политички интереси кои ја поставувале „Италија над провинциите", таа елита во Августово време претставувала прилично силен фактор, со кој политичарот и владетелот Август умеел да се сообрази и успеал да раководи. Затоа неговата политика во сенатот била насочена на зацврстување на сопствените позиции во редовите на овој сталеж. Таа обично не излегувала од рамките на легалноста и покрај спроведените од него неколкукратни чистки меѓу сенаторите. Август го сметал за наполно легално, во духот на mos maiorum, потенцирањето на општествениот углед на princeps-от (auctoritas principis), чиј углед тој го издигнал над угледот на сенатот (auctoritas senatus). На тој начин, како што веќе забележале Хајнце, Шенбауер и Хол, Август стапка по стапка, и покрај нараснатата опозиција, успеал да си ги присвои повторно врвните функции

[29] Matthias Gelzer, op. cit. S. 191.
[30] Ernst Hohl, op. cit. S. 236.

во државата, од кои порано јавно се одрекол. Меѓу нив најважната, т. нар. tribunitia potestas, доживотно му ја гарантирала не само неприкосновеноста на неговата личност (тој станувал sacrosanctus), туку и клетвената обврзаност и покорност на целиот народ, најпрвин во Италија, а потоа во провинциите, да го подржува во сите акции уперени против неговите непријатели, а преку него и против непријателите на државата.

Благодарејќи на неговата луцидност, тактизерство и ненадејни реакции, Август, за време на своето владеење бил иницијатор на низа вешто спроведувани политички потези со пресметан ефект на римската политичка и етичка традиција. Поради тоа, некои биографи му го прикачиле не особено ласкавиот епитет „великиот лицемер или великиот глумец на царскиот трон"[31]. Восстановувањето на републиката и прифаќањето на принципатот има пошироко и подлабоко значење. Тоа е потег кој во конкретниот историски момент се покажал најпогоден за комплетно, макар временски краткотрајно, решавање на политичките, социјално-економските, културните и верските проблеми на римското општество. На политички план, тоа значело прекратување на граѓанските војни и сплотување на римските општествени врвови околу princeps-от за спроведување на идејата на панроманизмот, т. е. доминацијата на античкиот Запад во однос на Исток; на социјално-економски план — во пронаоѓањето на нови форми за зацврснување на италското стопанство запоставено во граѓанските војни и робовските востанија и застрашено од конкуренцијата на провинциите; на културно-религиозен — во решителното спротивставување на штетните влијанија на хеленизмот и јудаизмот преку една препородена итало-римска вера и култура.

За спроведување на тој огромен план и програм за обнова, Август и неговиот consilium principis успеале да ги активираат и вклучат сите движечки сили на римското општество, меѓу кои римските поети со својата уметност зазеле едно од челните места.

На тој начин Августовиот принципат, мостот меѓу аристократската република и царството (доминатот), претставувал во она време најадекватно решение за ублажување на квалитативниот скок помеѓу овие две различни форми на власт. Прифаќајќи ги нив во своевидна симбиоза, Август го создал принципатот со кој условил краткотрајна привидна хармонија во општествениот живот на своето царство, во голема мерка доловувајќи ја сликата на еден „римски златен век".

*Скопје.* *Елена Зографска.*

[31] Ibidem, S. 241.

## *ZUSAMMENFASSUNG*

*Elena Zografska:* **DER AUGUSTEISCHE PRINZIPAT UND SEINE IDEENGRUNDLAGE**

In der vorliegenden Abhandlung wird der Versuch unternommen, die Gründung des Augusteischen Prinzipates mit seinen Ideengrundlagen in Verbindung zu bringen. Damit wird es möglich, die interessante Staatsform des Prinzipates genauer zu beleuchten. Im einzelnen wird vor allem die Rolle Ciceros herausgearbeitet, dessen Ideenbeitrag zur Errichtung des Prinzipates sehr wesentlich auf der griechisch-römischen Tradition fußte und der es geschickt verstand, zwischen der Optimatenpartei und den Trienumviren zu vermitteln. Dabei schließt der Autor nicht die Möglichkeit aus, daß Augustus für Cicero und den Senat bereits zu Beginn seiner politischen Laufbahn als die geeignetste Person erschien, künftig als Prinzeps und Führer der italisch-römischen Elite zu fungieren. In der Abhandlung werden der von Cicero in seiner *Res publica* idealisierte Prinzeps, die unbeschränkte Sullanische Diktatur und insbesondere die altehrwürdige römische Tradition (mos maiorum) als Vorbilder bzw. Ideenkomponenten des Augusteischen Prinzipates gezeigt. Als Verdienst Augustus' wird herausgearbeitet, daß dieser die Macht der Tradition in der praktischen Lebenswirklichkeit der römischen Gesellschaft zu begreifen und sie als treibenden Impuls in seinem politischen System geschickt auszunutzen vermochte. Auf diese Weise konnte es ihm — im Gegensatz zu Cäsar und Antonius — gelingen, einen Weg einzuschlagen, auf dem das Alte ohne größere Erschütterungen mit dem Neuen zu verschmelzen war. So erweist sich die Gründung des Prinzipates unter den gegebenen Bedingungen als effektivste Möglichkeit, die politischen, sozialökonomischen und kulturell-religiösen Probleme der italisch-römischen Gesellschaft, obgleich nur für kurze Zeit, einer angemessenen Lösung zuzuführen.